РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11- 2232/2
16 -07- 2026 2026 година
Скопје

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**ул.„Димитрие Чуповски„ бр.9**
**1000 Скопје**

**Врска**: Ваш број 08-1053/3 од 10.06.2026 година

**ПРЕДМЕТ**: Мислење

Почитувани,

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 17.06.2026 година од страна на Министерството за правда доставено е Барање на мислење на предлогот на закон за конфискација на имот во граѓанска постапка Наш бр.11-2232/1 од 17.06.2026 година.

Со предлогот на закон за конфискација на имот во граѓанска постапка се уредуваат целите, начелата, условите, надлежните органи за постапување и конфискацијата на имот во граѓанска постапка за кој постои основано сомневање дека не е стекнат од законски извори, мерките за обезбедување, опфатот на меѓународната соработка за остварување на целите од овој закон, како и други прашања поврзани со оваа постапка. Според образложението кон предложениот закон, со предлогот се врши доуредување и прецизирање на постојното законско решение, со цел поефикасна примена на законот, надминување на одредени практични и правни дилеми како и усогласување на одделни одредби со потребата за поефективна постапка за конфискацијата на имот за кој постои основано сомневање дека не е стекнат од законски извори.

Во согласност со член 17 точка 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр.12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата има надлежност да спроведува антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти, согласно со методологија која ја донесува.

Наведената надлежност Државната комисија ја исполнува во согласност со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата бр.03-4058/1 од 27.11.2020 година, согласно која антикорупциската проверка претставува анализа и проценка на формата и содржината на прописите кои се во подготовка или кои се веќе изготвени од аспект на нивно практично спроведување, усогласеност и нивно подобрување со цел детектирање, спречување и минимизирање на ризиците во однос на можноста за корупција и судири на интерес кои може да резултираат при спроведувањето на прописите. При тоа, ваквата проверка треба да ги опфаќа и образложенијата на прописите.

Согласно методолошкиот пристап на Државната комисија, кое било надворешно разгледување обично започнува кога текст на нацрт закон / законодавен предлог ќе станат јавно достапни или се објавуваат и задолжително се доставуваат до Државната комисија, со цел овозможување мислењата и препораките од антикорупциската проверка да се направат во раната фаза од законодавниот процес, кога сè уште има дополнителна работа на одреден нацрт закон.

Од суштинско значење е одредбата согласно која во случај на посебен интерес при работа на законска регулатива во врска со корупцијата и судирот на интереси, во согласност со наведената методологија, претставници на Државната комисија, како експерти за антикорупциска проверка на легислативата, мора да се вклучат и да учествуваат во работната група за изготвување на законот со цел од самиот почеток да се избегнат сите ризици од можна појава на корупција и судир на интереси.

Постапувајќи во согласност со наведената методолошка рамка, Државната комисија, која не е дел од органите опфатени со предлогот на закон, со Известување доставено на 15.07.2025 година по пат на електронска пошта, од редот на членовите на Државната комисија назначи член и заменик член во работната група во Министерството за правда за потребите на подготовка на предлогот на закон за конфискација на имот во граѓанска постапка, кои дадоа свој придонес за подобро прецизирање и дополнување на одредбите на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/2024) како и справување со предизвиците од практичната примена на овој за прв пат воведен правен институт во нашиот систем.

Имајќи во предвид дека законската регулатива за конфискација на имот во граѓанска постапка е од посебен интерес и има за цел конфискација на имот кој не е стекнат од законски извори, во насока на заштита на јавниот интерес, Ве известуваме дека Државната комисија согласно своите надлежности и експертиза, преку учество во работната група, формирана со Решение Ваш бр.02-918/6 од 20.05.2025 година и бр.02-918/11 од 25.07.2025 година, веќе даде придонес во допрецизирање и доуредување на одредбите од важечкиот закон, преку дискусија во однос на стручните и практичните прашања кои се наметнуваат од новите директиви во однос на конфискацијата, од новата директива за антикорупција, како и компаративната анализа на земјите од регионот и ЕУ, кои допрецизирања се во насока на намалување на ризиците од можна појава на корупција и судир на интереси.

Со оглед на тоа дека конфискацијата на имот во граѓанска постапка, како релативно нов правен институт во нашиот систем се уште нема доволна примена и пракса, а најголем дел од ризиците од корупција како внатрешна или надворешна слабост во постапувањето на институциите од јавниот сектор, стануваат видливи со започнување на примена на прописите, Државната комисија ќе ја следи примената на предлогот на закон по неговото донесување и доколку дојде до сознанија за дополнителни предизвици кои би можеле да произлезат од неговата примена, дополнително ќе спроведе антикорупциска проверка на истиот.

Воедно, Државната комисија укажува на потребата од редакциско подобрување на дел од одредбите на предлогот на закон. Имено, во член 22 со поднаслов „Известување за примена на законот“ во ставот (1) е пропишано дека за примената на овој закон, во рамки на своите надлежности, Управата, државното правобранителство, јавните обвинителства, судовите и

органите од членот 10 став (2) од овој закон, известуваат во рамки на годишните извештаи за својата работа кои ги подготвуваат во согласност со овој закон. Одредбата содржи техничка грешка бидејќи членот 10 став (2) од предлог законот се однесува на рокот за спроведување на постапката за проверка и финансиска пресметка на Управата за финансиска полиција, поради што неопходно е одредбата да се корегира, односно да се усогласи.

Со почит,

Претседател,

Адем Чучуљ

Изработил: С.И,советник
Контролирал: А.С., раководител на одделение
Одобрил: Б.В.Б., помошник раководител на сектор
Согласен: С.С.М., член на ДКСК